# Месечен билтен

Публикација на Сојузот на синдикатите на Македонија

www.ssm.org.mk info@ssm.org.mk јули– август 2016 Број 7/8


## ДЕЛЕГАЦИЈА НА ИТУЦ/ПЕРК ВО ПОСЕТА НА ССМ



Слика 1. Раководството на ССМ со делегацијата од ИТУЦ/ПЕРК

**6.7.2016**

На 6 јули 2016 година во Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) присуствуваше делегација од Меѓународната конфедерација на синдикати (ИТУЦ) од Пан европскиот регионалниот комитет (ПЕРК) предводена од Извршен секретар за ИТУЦ/ ПЕРК, г-дин Антон Леппик и канцелариското координатор за ИТУЦ / ПЕРК, канцеларија Сараево г-ѓа Ениса Салимовиќ, која имаше мисија да одржи одделни состаноци со синдикатите во Македонија.

На состанокот од страна на Сојузот на синдикатите на Македонија присуствуваа претседателот на ССМ, д -р Живко Митревски, потпретседателот за јавен сектор во ССМ, г-дин. Тихомир Климоски, воедно и претседател Македонскиот полициски синдикат (МПС) и потпретседателот за приватен сектор во ССМ, г-дин. Павел Трендафилов, воедно и претседател Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Македонија.

На состанокот претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, на делегацијата им ја претстави состојбата во Македонија во однос на синдикалното движење, социјалниот дијалог и колективното договарање како и достигнувањата во однос на законската регулатива која се однесува на работничките права. Исто така на состанокот на делегацијата им беше презентирана новата петгодишна програма за работа на ССМ, усвоена на 19-тиот Конгрес на ССМ. Како едно од најзначајните прашања кои беа разгледани на состанокот беше и формирањето на Синдикалниот едукативен центар на ССМ, по што делегацијата имаше можност и да ги посети првично опремените простории за таа намена.

По однос на состојбата во јавниот и приватниот сектор во Македонија, осврт дадоа потпретседателите за истите.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТОРИНО ПРОЦЕС 2016




**6.7.2016**

На 6 јули 2016 година во Скопје беше одржана работилница за понатамошните активности за Торино Процес 2016 организирана од Европската тренинг фондација (ЕТФ) и Центарот за стручно образование и обука на Република Македонија, а присуствуваа и претставници од Министерството за образование и наука на Република Македонија.



Слика 1. Учесници на работилницата

На состанокот присуствуваше претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и тој беше наменет за поддршка на процесот на изготвување на извештај во рамките на Процесот Торино (TRP) циклус 2016, под координација на Центарот за стручно образование и обука.

Торино Процесот може да го разбереме како корисна алатка за анализа на политиките во стручното образование и обука (СОО), како и за идентификување на приоритети и предизвици засновани на социјален дијалог и релевантни докази структурирани во повеќе димензии.

Оваа работилница претставуваше продолжение од првата работилница за понатамошните активности за Торино Процес 2016.

Македонија треба да го реализира Торино процесот 2016 како проценка на состојбите во стручното образование и обука. Целта е преку широка и отворена консултација и учество, односно ангажираност на сите релевантни чинители во СОО да се следи прогресот на политиките, односно да се следи имплементацијата на реформите во СОО и да се оцени нивниот прогрес и влијание. Извештајот треба да и служи на земјата како готов документ, база, од каде што ќе се влечат приоритетите за различни активности, развивање на програми за образование и идни проекти.

# ВО РАДОВИШ ОСНОВАН НОВ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

**19.7.2016**



Слика 1. Потписниците на спогодбата

На 19 јули 2016 година претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, присуствуваше на потпишувањето на уште една спогодба за основање на Локален економско- социјален совет (ЛЕСС) во Радовиш.

Со ова се официјализира отпочнувањето со работа на уште еден Локален економско- социјален совет, покрај претходните 12 основани ЛЕСС, кој ќе помогне да се унапреди развојот на социјалниот дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласувањето на нивните различни ставови и интереси на локално ниво. Потписници на Спогодбата се градоначалникот на Општина Радовиш г. Сашко Николов, претседателот на Сојузот на синдикати на Македонија, г. Живко Митревски, претседателот на Организацијата на работодавачи на Македонија, г. Ангел Димитров и претставникот на Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија, г. Зоран Андовски.

Во Локалниот економско- социјален совет (ЛЕСС) покрај социјалните партнери членуваат и претставници на општинската администрација, претставници од бизнис секторот и академски претставници.

ЛЕСС има консултативно- советодавна функција, и се основа со цел воспоставување, поттикнување и развој на социјален дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво. ЛЕСС ќе разгледува прашања и ќе дава мислења, предлози и препораки до градоначалникот и Советот на Општината за одредени прашања од економско- социјалната сфера, како што се: локална економска политика на општината, политики за вработување, политики за цени и плати, безбедност и здравје при работа, образование и сл. Во советите ќе партиципираат и претставници од Центарот за вработување на општините, средните училишта, како и од невладините организации и здруженија на граѓани.

Основањето на Локалниот економско- социјален совет е во рамките на проектот Унапредување на социјалниот дијалог, кој го финансира Европската Унија (ЕУ), а го спроведува Меѓународната организација на трудот (МОТ).

# ССМ СЕ ПРИКЛУЧИ ВО ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ ПОДРАЧЈА

**8.8.2016**

Сојузот на синдикати на Македонија се вклучува во хуманитарната акција за помош на настраданите подрачја од катастрофалните поплави што ги зафатија регионите на Скопје и Тетово.

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски, информираше дека главно ќе се донираат прехранбени продукти, хигиенски материјали, санитетски материјал, пакети со вода и парична помош.



Слика 1. Донација од ССМ


Слика 2. Претседателот д-р Живко Митревски на прес конференцијата

- Формиравме и кризен штаб на ССМ при што ќе настојуваме секој Синдикат да се вклучи со соодветни волонтери кои ќе работат на терен, како најнепосредно би се вклучиле во реализација на оваа хуманитарна акција и помош за настраданите, истакна претседателот д-р Живко Митревски.

Претседателот Митревски посочи дека веќе оствариле контакт и со Регионалниот синдикален совет „Солидарност" кој е формиран пред повеќе години и во кој членуваат сите земји од поранешна Југославија и од таму е потврдено дека и тие ќе се вклучат во хуманитарната акција.

-Планираме да побараме помош и на меѓународен план со оглед на тоа што сме членки и во Европската конфедерација на синдикати, Светската конфедерација на синдикати и да добиеме соодветна помош која ќе помогнат во надминувањето на оваа елементарна непогода, потенцираше претседателот на ССМ д-р Живко Митревски.

# АПЕЛ ЗА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ЗА ПОМОШ

**8.8.2016**

Почитувани,

Споделуваме со вас информација за хуманитарната акција за помош на настраданите во подрачјата погодени од поплави во скопско и тетовско, која секако може да ја споделите и во вашите организации/институции, со вашите членки и со компаниите со кои соработувате, како и преку вашите веб-страници или профили на социјалните мрежи.

Од **основните намирници и продукти**, најпотребна во моментов е флаширана вода, храна (стерилизирано млеко, храна за бебиња, двопек, конзерви, наполитанки), свеќи, антибактериски марамчиња или течност за раце, други средства за хигиена, пластичен прибор за јадење, гумени чизми, ќебиња, топла облека. Ваквиот тип на помош може да се предаде во:

- магацините на Црвениот крст на РМ во Момин Поток, Скопје од 8 до 18 часот (телефон за контакт: 02/3 096-227),
- во основното училиште „25 мај" (02/2521-395, 02/2520-673) во Гази Баба на Алија Авдовиќ бр 6 во Ченто, како и
- секој ден од 8 до 22 часот во основните училишта во општина Аеродром

**Потребни се и волонтери** кои на терен би се вклучиле во организирани акции. Сите заинтересирани да помогнат на овој начин може да се пријават на тел. 02/322-6655 или да дојдат во просториите на општина Гази Баба (ул. Архимедова 2) во 10, 13 и 17 часот каде што организирано ќе бидат однесени до населените места каде се организираат акциите.

Потребна е и **градежна механизација и пумпи за вода**, па компаниите кои располагаат со ваков тип на опрема можат да помогнат со нејзино вклучување во акциите.

**Паричната помош** може да се донира на следниот начин:

- Донирање со повик на телефоните: 075/070/077 143 400 (секој повик донира 100 денари + ДДВ)
- Донирање денари на жиро сметка на Фонд на солидарност 300000001327966 ДБ 4030984271620 – Комерцијална банка
- Донирање странска валута на следнава сметка:
- NAME OF THE ORGANIZATION: MACEDONIAN RED CROSS
- BANK NAME: KOMERCIJALNA BANKA AD SKOPJE
- BANK ADDRESS: UL. ORCE NIKOLOV NO.3, 1000 SKOPJE, MACEDONIA
- BANK ACCOUNT: 300000000000133 25730522-11
- SWIFT CODE: KOBSMK2X

Сојуз на синдикати на Македонија, претседател д-р Живко Митревски

# ТЕРЕНСКА ПОСЕТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ССМ НА НАСТРАДАНИТЕ ПОДРАЧЈА



**9.8.2016**

Претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски со претставници од кризниот штаб на ССМ на ден 9.8.2016 година изврши посета на настраданите подрачја во близината на Скопје. На посетата која беше реализирана и во с. Стајковци, заедно со министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, претседателот на ССМ беше информиран за последиците и штетите од невремето, како и за активностите што се преземаат од страна на Владата на РМ во делот на справувањето со последиците од елементарната непогода.

Слика 1. Претседателот на ССМ со министерот за труд и социјална политика



Слика 2. Акција во поплавените подрачја

Претседателот на ССМ разговараше и со голем дел на вработени од јавните претпријатија кои се непосредно вклучени во активностите поврзани со санирање на штетите а исто така имаше и средби со поголем број на жители од настраданите подрачја. Претседателот на ССМ, д-р Митревски и министерот за труд и социјална политика Спасов, ја изразија



Слика 3. Поплавените подрачја

својата благодарност кон работниците од јавните претпријатија кои несебично во текот на сите овие денови непосредно се ангажирани во справувањето со кризата. Претседателот на ССМ, д-р Митревски исто така го информираше министерот за труд и социјална политика за активностите на ССМ во спроведувањето на хуманитарната акција за помош на настраданите, како и за активноста на ССМ во делот на информирањето и до меѓународните синдикални организации како што се Европската конфедерација на синдикати, Светската конфедерација на синдикати и Регионалниот синдикален совет Солидарност.

# ПОТПИШАНА СПОГОДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОКД ЗА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО

**10.8.2016**

Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија имајќи ги во предвид последиците од елементарната непогода случена на 6.8.2016 година, а во знак на обезбедување на можност за конкретно обезбедување и справување со последиците од оваа несреќа, а со цел за обезбедување на правото на работниците за користење на слободни денови ја потпишаа спогодбата за Изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството со која бројот на користење на слободни денови по основ на елементарна непогода од 3 дена се зголемува на 7 дена, а исто така дадена е можност бројот на слободни денови дополнително да може да се зголеми со тоа што во случај на прогласување на вонредна состојба или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди прогласени со Одлука на Владата на РМ или друг надлежен Орган или Институција, работодавачот може на работникот кој работи во правните субјекти односно живее во подрачјата погодени од временските или елементарни непогоди да му одобри и поголем број на слободни денови за периодот кој е опфатен согласно Одлуката за прогласување на вонредна или кризна состојба поради елементарни или друг вид на непогоди, донесена од страна на Владата на РМ или друг надлежен Орган или Институција.

Со ваквите Измени и дополнувања на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, ССМ и ОРМ како најрепрезентативни Социјални партнери од приватниот сектор најнепосредно покрај останатото ја изразија спремноста да се вклучат во справување со последиците од елементарните непогоди.

Исто така ССМ и ОРМ напоменуваат дека за спроведување и контрола на примената на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството директно ќе се вклучи и ќе биде надлежен Државниот трудов инспекторат.

# ПРОДОЛЖУВА ХУМАНИТАРНАТА АКЦИЈА НА ССМ ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ

**23.8.2016**



Слика 1. Состанок со генералниот секретар на Црвен Крст, д-р Саит Саити

На 23.8.2016 г. во Сојузот на синдикатите на Македонија, претседателот на ССМ, д-р Живко Митревски и членовите на Извршниот Одбор на претседателството на ССМ и Кризниот Штаб за помош на настраданите од елементарната непогода оствариja работна средба со генералниот секретар на Црвениот Крст на Македонија, д-р Саит Саити, на која претседателот на ССМ, д-р Митревски ги презентираше досегашните активности на ССМ за помош на настраданите лица од елементарната непогода, како и планот на ССМ за продолжување на хуманитарната акција со донирање на дополнителни средства во Солидарниот фонд на Црвениот Крст на РМ.



Слика 2. Претседателот Митревски на денешната прес конференција

По средбата, претседателот Митревски, заедно со генералниот секретар на Црвениот Крст на Македонија и членовите на Извршниот Одбор на претседателството на ССМ и Кризниот Штаб одржаа прес конференција на која беше потенцирана дополнителната помош на ССМ со финансиски средства за поплавените семејства од невремето во скопскиот и тетовскиот регион, како и продолжувањето на хуманитарната акција за помош на поплавените лица.

ССМ апелираше институциите, претпријатијата и останатите синдикати да се вклучат во оваа акција со цел да се овозможи дополнителен прилив на средства за настраданите.

Претседателот на ССМ информираше дека апел за помош за вклучување во хуманитарната акција има испратено до ЕКС, ИТУЦ и РСС Солидарност, и е договорена соодветна помош.

# ГРИЖАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО НА РАБОТНИКОТ, ПРИОРИТЕТ НА ССМ -ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА БЗР-



**29-30.8.2016**

Во рамите на едукативниот концепт на Европскиот синдикален институт (ETUI) на 29 и 30 август беше одржан Регионален информативен форум за безбедност и здравје при работа во Будимпешта, Унгарија. Целта на семинарот беше зајакнување на заедничките активности на синдикатите за прашања од БЗР на национално и европско ниво, како и размена на искуства и соработка на синдикатите.

Во рамките на семинарот националните делегации од Бугарија, Хрватска, Унгарија, Македонија, Романија и Србија презентираа извештаи во врска со тековната ситуација во однос на БЗР од национална перспектива, приоритетите на синдикатите за БЗР, соработка со инспекторите за труд, како и соработката меѓу синдикатите со другите чинители во општеството.

На информативниот форум беше реализирана и работа во групи поврзана со можностите за заедничка соработка меѓу синдикатите, а беше потпишан и меморандум за БЗР.

Во продолжување: Меморандум за БЗР

**Меморандум за безбедност и здравје при работа**

Претставниците на синдикатите од Бугарија, Хрватска, Унгарија, Македонија, Романија и Србија се состанаа во Будимпешта во периодот од 29-30 август 2016 година за да разговараат за состојбата, проблемите и потребните чекори за подобрување на здравјето на работното место и состојбата на безбедноста на работниците во нивните земји и регионот.

Регионалниот БЗР форум, во организација на Европскиот синдикален институт, се фокусираше на последните случувања во однос на БЗР како и релевантните политики и практики.

Извештаите на државите, истакнаа дека во текот на изминатите години, во голем број на земји постои на влошување на ситуацијата со БЗР, паралелно со промените во формите и начините на вработување. Во исто време, во многу земји трудовото законодавство е изменето, а со тоа и се намалени правата на работниците. Бројот на жртви од несреќите при работа е во пораст како и професионалните болести и бројот на фаталните несреќи - со што се придонесува кон беда и болка за многу семејства и висока цена за општествата.

Причините за овие трендови се многубројни, сепак ефектите и рестрикциите по однос на кризата, падот на политичкиот интерес и волја за обезбедување на безбедни и здрави услови за работа за сите се сметаат за главен извор. Синдикатите сметаат дека рестрикциите по однос на БЗР се неприфатливи. Инвестициите во превенција се од витално значење за сите инволвирани чинители и за целото општество.

Сметаме дека е неопходно да се зајакне улогата на синдикатите во контролата на БЗР преку соодветна законска регулатива.

Намалувањето на националните БЗР системи и контрола, во голема мера придонесоа за негативните трендови. Занемарувањето на превенцијата, слабеењето на трудовите инспекторати и нивната улога во законската легислатива, нетранспарентната улога на превентивните и заштитните здравствени услуги се некои од видните недостатоци. Тие не само што ги ставаат работниците во полоши услови за работа, туку имаат штета и врз пошироките интереси, доведуваат до нелојална конкуренција и обезбедуваат простор за социјален дампинг.

Апелираме за зајакнување на социјалниот дијалог и соработка во областа на безбедноста и здравјето при работа – следејќи ги најдобрите примери од другите земји од Европската унија. Потребна е политичка волја за целосно спроведување на одредбите на Рамковната Директива 89/391/ЕЕК во врска со "претставниците на работниците со посебни одговорности за безбедноста и здравјето". Потребна е превенција, силни системи за инспекција и спроведување на законодавството, преку соработка со надлежните органи, работодавачите и синдикатите. Потенцијалите на синдикатите во промовирањето на здравјето и безбедноста на работното место треба да бидат користени на сите нивоа, особено во услови на намалување на ресурси. Сметаме дека треба да се зајакне улогата на претставниците на работниците за безбедност и здравје што пак е од клучно значење.

Потребни се поголеми напори за да се создаде одговорен пристап и начин во однос на заштитата при работа, како и искоренување на високото ниво на пријавување на несреќи при работа и професионални болести. Синдикатите во регионот воочуваат критични недостатоци во процена на ризикот на малите и средни претпријатија. Изложувањето на работниците на психосоцијални ризици, како и професионалните болести е огромно. Затоа, потребна ни е заедничка акција!

Потребна ни е вистинска евалуација на имплементацијата на БЗР законите на ЕУ во нашите земји.

Потребен ни е акционен план за подобрување на условите за безбедноста и здравјето на работниците кои работат во регионот. Бараме политичка активност која ќе придонесе за работни места од 21ви век!

Само да зборуваме за пристојна работа не е доволно – потребна ни е акција!

**Будимпешта, 30 август 2016 година**

**Сојуз на синдикатите на Македонија**
**ул. „12-та МакедонскаУдарна Бригада“ бр. 2-А, 1000 Скопје**
**контакт тел/факс +389 2 3161374**
**е-маил: info@ssm.org.mk**
**web: www.ssm.org.mk**